**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**25ти март, 2010 година**

**Извештај за глобалната информациска технологија за 2009 – 2010**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје ги објавува најновите податоци од истражувањето на Светскиот економски форум – Извештај за глобалната информациска технологија за 2009 -2010 година.

Извештајот го оценува нивото на влијанието на информациите и комуникациската технологија за зголемен развој и пораст на 133 економии во светот. Оваа година, Извештајот ја истакнува улогата на ИКТ како овозможувач на поодржлив економски, општествен и социјален свет во посткризниот период во најголемата светска економска криза.

Шведска е рангирана на врвот на „Нетворк Рединес Индекс" (Networked Readiness Index-NRI) како највмрежана економија во светот. Во постојан пораст во последните три изданија, оваа земја го презеде местото на Данска која беше најдобриот изведувач во светот од почетокот на НРИ. Другите нордиски земји исто така продолжуваат оптимално да ја зголемуваат својата информациска и телекомуникациска технологија во својата стратегија за конкурентност, со Данска, Финска, Норвешка и Исланд на 3-то, 6-то, 10-то и 12-то место соодветно.

Меѓу десетте најдобри, Сингапур води пред Азија и воопшто во светот во подготвеноста за вмрежување, искачувајќи се две места погоре до 2-то, а по неа следат Данска, Швајцарија (4-та) и САД (5-та).

Европа останува еден од највмрежените региони во светот, со 12 економии рангирани во првите 20 најдобри изведувачи, со следниот редослед: нордиските земји споменати погоре, Холаднија (9-та), Велика Британија (13-та), Германија (14-та), Луксембург (17-та), Франција (18-та) и Австрија (20-та). Пет други економии од Азија и пацифичкиот регион покрај Сингапур се вклучуваат во 20-те најдобри за оваа година: Хонг Конг (8-ма), Тајван (11-та), Кореа (15-та), Австралија (16-та) и Нов Зеланд (19-та). Во однос на најголемите азиски пазари во развој, Кина и Индија и понатаму имаат напредок во рангирањата на НРИ, правејќи скок од 9 и 11 места и се наоѓаат на 37-мо и 43-то место соодветно.

Република Македонија е на 73-то место и таа направи мал напредок во споредба со индексот од 2008-2009 година, кога беше на 79-то место и на 83-то место на индексот од 2007-2008 година. Од земјите од регионот, Словенија е рангирана на највисоката позиција, имено на 31-то место, Црна Гора на 42-то, Хрватска на 51-то, Грција на 56-то, Романија на 59-то, Бугарија на 71-то место. Само Србија на 84-то, Албанија на 95-то и Босна и Херцеговина на 110-то место се рангирани после Република Македонија. Република Македонија има резултат од 3,64.

Во однос на срединската компонента, Република Македонија се наоѓа на 77-то место. Понатаму, според пазарната средина, Република Македонија го завзема 83-то место, а според политичката и регулаторната средина, Македонија се наоѓа на 87-то место. Во однос на инфраструтурното опкружување, Република Македонија се наоѓа на 65-то место и на 75-то место во однос на компоментата за подготвеност. Понатаму, според индивидуалната подготвеност, Република Македонија се наоѓа на 86-то место, според бизнис подготвеноста таа е на 82-то место, а во однос на владината подготвеност, Македонија се наоѓа на 59-то место. Според компонентата на искористување, Република Македонија се наоѓа на 65-то место, каде индивидуалното искористување ја става на 44-то место, бизнис искористеноста на 125-то место, а владината искористеност ја става на 66-то место.

* * * *